

ЗНМ
ЗДРУЖЕНИЕ
НА НОВИНАРИТЕ
НА МАКЕДОНИЈА

МЕДИУМСКА САМОРЕГУЛАЦИЈА И МЕЃУСЕКТОРСКА КОМУНИКАЦИЈА

во функционирањето на Советот за етика на медиумите во Македонија (СЕММ)

ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА

ТОДОР СТОЈЧЕВСКИ

Медиумска саморегулација и меѓусекторска комуникација во функционирањето на Советот за етика на медиумите во Македонија (СЕММ)

Октомври, 2017 година

ЗНМ
ЗДРУЖЕНИЕ
НА НОВИНАРИТЕ
НА МАКЕДОНИЈА

СОДРЖИНА

1. ВОВЕД 5

2. СОРАБОТКА СО РЕГУЛАТОРНОТО ТЕЛО ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМИ 9

3. СОРАБОТКА СО ТЕЛАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ГОВОР НА ОМРАЗА И ДИСКРИМИНАЦИЈА 14

4. ГРАЃАНСКИ СЕКТОР И МОЖНИ ФОРМИ НА СОРАБОТКА И КОМУНИЦИРАЊЕ И ПОВРЗУВАЊЕ 18

5. СОРАБОТКА НА СЕММ СО МЕДИУМСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈА 22

6. СОРАБОТКА СО ВИСОКООБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ 26

7. СОРАБОТКА СО СУДСКИТЕ ОРГАНИ 29

8. СОРАБОТКА СО МЕДИУМИТЕ 33

9. ПРЕПОРАКИ ЗА ЕФЕКТИВНА ПОВРЗАНОСТ НА СЕММ СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ, ИНСТИТУЦИИ И СО ГРАЃАНИТЕ 36

10. БИБЛИОГРАФИЈА 40

1 ВОВЕД

Моќта и квалитетот на саморегулацијата, несомнено, зависат првенствено од тоа дали новинарите на индивидуално ниво, организации и самата индустрија ги прифаќаат етичките и професионалните принципи. Медиумите и медиумските работници треба постојано да се поттикнуваат да ги почитуваат стандардите на професијата, меѓутоа, исто така, е важно и на кој начин тоа ќе се направи. За да се зборува за ефикасност на медиумската саморегулација, како механизам со кој може да се избегне претерана регулација и воведувањето нови регулаторни рестрикции на слободата на изразување и слободата на медиумите, треба да се погледне и големата слика, односно во кои општествено, политички и економски услови таа се спроведува. Тука спаѓа и соработката меѓу повеќе чинители во општеството, заради трансформација на нивните различни интереси во активна мобилизација и ангажираност, со што би се постигнало искористување на капацитетите од секој поединечен актер.

Како и на секое професионално тело за саморегулација во медиумите, така и работата на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) е комплексна и во повеќе сегменти од своето работење доаѓа во комуникација со разни чинители и засегнати страни. Оттука, во насока на прифаќање на саморегулацијата во медиумската сфера и зајакнување на нејзината улога, неопходно е да се поттикнува и развива меѓусекторска соработка на повеќе нивоа и со различни актери. Всушност, и самите цели на СЕММ[1] го подразбираат токму тоа, односно:

- **подигнување на свеста на јавноста за професионалните и етичките стандарди кои треба да ги почитуваат медиумите;**
- **олеснување на пристапот на јавноста до медиумите;**
- **унапредување на Етичкиот кодекс на новинарите;**
- **ширење на медиумската писменост;**
- **промоција на професионалните и етичките стандарди во специјализираните медиумски образовни институции, итн.**

Остварувањето на дел од овие цели, меѓу другото, подразбира соработка со претставници на медиумската индустрија, институциите и независните органи, граѓанскиот сектор, академијата, публиката, но и со меѓународните институции и организации, кои што можат да придонесат за нејзино подобро разбирање, промовирање и пошироко прифаќање.

СЕММ, пак, заради остварување на своите цели ја следи примената на професионалните стандарди во известувањето, обезбедува стручна и советодавна помош за своите членови и за пошироката јавност, организира различни видови настани, врши издавачка дејност, подготвува промотивни, едукативни и информативни материјали, спроведува истражувања, итн. Меѓу другото, Советот покренува и иницијативи пред надлежните органи, со цел да создаде услови за непречено работење на медиумите, а исто така разменува и искуства и информации со сродни и други граѓански здруженија од земјата и од странство.

1 Совет за етика во медиумите на МАкедонија (СЕММ), веб-страница: http://semm.mk/sovet-za-etika-4/celi.

Моќта на саморегулацијата се темели на изрекувањето морални санкции кон медиумите, кои опфаќаат објавување на јавна одлука од страна на Комисија составена од кредибилни професионалци од медиумскиот и граѓанскиот сектор, преку која на јавноста и' се укажува дека од страна на медиум кој е член на СЕММ е прекршен Етичкиот кодекс за професионално известување. Таа треба да биде доброволно прифатена од страна на медиумите, но како членки медиумите имаат обврска овие одлуки на СЕММ да ги објавуваат во својата содржина и/или програма. Во општества во кои се одвиваат комплексни демократски и политички процеси, како што е, на пример, Македонија „поверојатно е само наметнатите правила да имаат поголем морален кредибилитет и, следствено на тоа, да функционираат поефективно отколку надворешно наметнатите правила. Врз основа на принципот на морални санкции, застапниците на саморегулацијата ја истакнуваат моќта на јавна осуда и критика од колегите, која што не треба да се потценува.[2]

За да се избегне, од една страна, претерана регулација на медиумскиот сектор и санкционирање, а од друга страна, сепак да се заштитат професионалните и етичките стандарди, државата, првенствено, треба да осигура дека нејзиниот законски систем обезбедува адекватни и ефективни гаранции за заштита на основните човекови права во практиката, меѓу кои и на слободата на мислење и изразување.

На тој начин ќе обезбеди поддршка и за саморегулативните механизми, ќе го олесни нивното спроведување и ќе го поттикне нивното прифаќање од страна на медиумите. Доколку, на пример, говорот на омраза или дискриминацијата успешно се процесираат преку постојните законски и институционални механизми, во тој случај улогата на саморегулаторното тело е да делува реактивно и превентивно: брзо да ги детектира, посочува или да ги демаскира ваквите случаи во медиумите, со помош од јавноста, односно искористување на механизмот на поднесување жалби за неетичкото известување. Доколку, пак, станува збор стриктно за прекршување на етичките и на професионалните стандарди, тогаш се очекува саморегулаторното тело, во соработка со другите институции и со граѓанскиот сектор кои имаат надлежности во медиумската сфера, координирано да ги информира, едуцира и мобилизира и медиумите и јавноста. Од друга страна, кога се работи за прекршување на законската регулатива, преку саморегулацијата може да се обезбеди брзо и ефикасно алармирање до надлежните институции, со цел тие да преземат соодветни мерки што им стојат на располагање.

Имајќи ја предвид неопходноста од соработка со различни општествени актери, во продолжение, следува разработка на постојните, ефективни механизми и практики на поврзаност меѓу различни актери со телата за саморегулација во медиумите. Освен овие механизми, се дискутира и за важноста од

2 Hulin, A., "Statutory media self-regulation: beneficial or detrimental for media freedom?", European University Institute, 2014. Достапно на: http://cadmus.eui.eu/bitstream/handle/1814/34047/RSCAS_WP_2014_127.pdf;sequence=1. Стр. 3.

постигнувањето ангажирана координираност и навремена реакција во справувањето со различни тенденции поврзани со известувањето во медиумите. Притоа, овој преглед треба да послужи за поттикнување на размислувањата и дискусиите околу оваа тема во поширокиот општествен контекст.

За подготовка на овој преглед беа реализирани 13 длабински полуструктурирани интервјуа со експерти во сферата на високото образование, од медиумската сфера, граѓанскиот сектор, како и од меѓународни совети за етика, членки на Алијансата за независни совети за етика во медиумите (AIPCE). Понатаму, анализирани се секундарни податоци, документи и извештаи, релевантни публикации и истражувања, итн.

2 СОРАБОТКА СО РЕГУЛАТОРНОТО ТЕЛО ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМИ

Соработката меѓу регулаторот и саморегулаторното тело е една од клучните релации што е потребно да се развиваат, особено во неколку области, како што се: унапредувањето на медиумскиот плурализам, спречувањето на говорот на омраза и дискриминирачкиот говор, како и унапредувањето на медиумската писменост.

Дополнително, соработката треба да се развива и во однос на заштитата на интересите на корисниците на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, особено на малолетните лица, како и во правец на поттикнување, унапредување и заштита на културниот идентитет, јазикот и традицијата на заедниците во Република Македонија, почитување на културните и религиозните разлики, поттикнување на културата на јавен дијалог меѓу граѓаните, со цел да се зацврстува заемното разбирање и толеранција за унапредување на односите меѓу различните заедници. Сево ова подразбира востановување пракса на редовна размена на информации од заеднички интерес, како и размена на искуства од важност за полето на делување од двете страни.

Да потсетиме дека Македонија во последните години бележи континуиран пад во однос на почитувањето на професионалните и етичките стандарди во новинарството и во медиумите. Тоа го потврдуваат и домашните и меѓународните медиумски и новинарски организации. На Индексот за слободата на медиумите на Фридом Хаус за 2017 година, Македонија втора година по ред го добива статусот на „неслободна" држава, при што се истакнува дека медиумите во државата се предмет на политички притисоци и вознемирување, што резултира со самоцензура, додека, пак, материјалите од прислушувањето[3] индицираат на можно влијание на власта врз уредувачките политики на некои медиуми на национално ниво.[4] ***Репортери без граници*** во извештајот за државата насловен како ***„Македонија, лошото момче на Балканот"*** ја рангира државата како најлоша во регионот во однос на медиумските слободи, наведувајќи ги заканите, насилствата, вознемирувањето и заплашувањето на новинарите за време на протестите во 2016 година, при што малкумина беа санкционирани, како и политичката нестабилност што влијае врз работата на новинарите и притисоците од партиите на власт што ги принудуваа медиумите на самоцензура.[5]

Политичката поларизираност на медиумите ја потврдува извештајот на Институтот за комуникациски студии - МОДЕМ[6] кој спроведе мониторинг на медиумите на почетокот на 2017 година. Според него, медиумската слика за политичкиот плурализам во Македонија била иста како и пред една година: одредени телевизии ги следеле политичките случувања од неутрална позиција и критички ја опсервирале работата на јавните институции, што всушност е основна улога на професионалното новинарство кое го штити јавниот интерес.

Од друга страна, кај повеќе влијателни телевизии со национално покривање повторно доминирале ставовите на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ и известувањата за проектите и за достигнувањата на нејзините функционери.[7]

„Сите констатирани аномалии во однос на политичкиот плурализам, на еднаквиот пристап на различни гледишта во медиумите или на етичките принципи што произлегуваат од новинарскиот Кодекс, треба да се пренасочат на разрешница кон Советот за етика. Тоа би ја зголемило довербата меѓу двете тела, односно така ќе се демонстрира дека функционира некаков систем", смета Зоран Фиданоски, член на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој е претставник од Здружението на новинарите на Македонија.[8]

3 Аферата со масовното прислушување на над 20 илјади граѓани, високи владини функционерии новинари ја откри СДСМ во февруари 2015 година, кога партијата се' уште беше во опозиција.

4 Freedom House, Freedom in the World 2017: Macedonia Profile, 2017. Достапно на: https://freedomhouse.org/report/freedom-world/2017/macedonia.

5 Reporters without Borders, "Macedonia, Balkans' bad boy", 2017. Достапно на: https://rsf.org/en/macedonia.

6 ИКС, Мониторингот на телевизиските вести, ИКС, Скопје, 2017. Достапно на: http://respublica.edu.mk/attach/MODEM-izvestaj-fevruari-MK.pdf

7 Ибид.

8 Интервју со Зоран Фиданоски, член на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, спроведено на 7.09.2017.

Овој став, всушност, „натежнува“ во рамки на медиумската и новинарската заедница во државата, а и регулаторот е на истата линија. Имено, членот 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на радиодифузерите им наложува дека се должни во својата работа да се придржуваат до начелата за објективно, непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења, како и самостојност, независност и одговорност на сите кои учествуваат во создавањето на програмата и креирањето на уредувачката политика. Ова се некои од основните новинарски стандарди, чие почитување е прашање на професионалната новинарска етика, „но со самото тоа што се дел од Законот стануваат и законска обврска за медиумските професионалци вработени во кој било сектор на радиодифузијата –јавен, комерцијален, непрофитен.“[9]

Според Фиданоски, одлуките на Комисијата за жалби на СЕММ, постојаните укажувања и апели, кампањи и повици до медиумите да се придржуваат до професионалните и етичките стандарди, би помогнале да се зголеми степенот на објективно, непристрасно и урамнотежено известување – особено во изборниот период, кога радиодифузерите се под засилен секојдневен мониторинг од регулаторот, во согласност со законските обврски од изборната регулатива.

На оваа релација, всушност, и треба да се одвива соработката меѓу Агенцијата и Советот: заедничкото или индивидуално, но и во двата случаи координирано реагирање на двете тела при кршењето на професионалните и етичките стандарди, особено во ситуации на говор на омраза, ќе влијае на утврдување и посочување на лошата новинарска пракса, како и на зголемување на видливоста на ваквите случаи во медиумската и во поширокатa јавност.

Дополнителна област во која се вкрстуваат активностите на саморегулаторното тело и на регулаторот е ***медиумската писменост***. Со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој стапи на сила во почетокот на 2014 година, Агенцијата доби директна обврска да ја промовира медиумската писменост, соработувајќи со сите релевантни чинители. Со оглед на тоа што поттикнувањето на медиумската писменост не може да биде изолирана и поединечна активност, Агенцијата подготви тригодишна ***Програма за промовирање на медиумската писменост 2016-2018***.[10]

Остварувањето на целите на оваа програма зависи од повеќе меѓусебно поврзани активности, кои опфаќаат и обезбедување информации и поврзување со претходни релевантни проекти, воспоставување форми на соработка со релевантните чинители преку развој на мрежа која ќе ги обединува, како и ангажирање и соработка со министерствата, медиумите, образовните тела и граѓанското општество заради спроведување на активностите.[11]

9 АВМУ, Политичкиот плурализам за време на изборна кампања, АВМУ, Скопје, 2014. Достапно на http://trinity.mk:53000/wp-content/uploads/2017/05/Politickiot_pluralizam_za_vreme_na_izborna_kampanja.pdf. Стр. 4.
10 АВМУ, Програма за медиумска писменост, АВМУ, Скопје, 20.Достапно на: http://www.avmu.mk/images/Programa_za_mediumska_pismenost-1.pdf. Стр. 12.
11 Ибид. Стр. 16.

Дел се однесуваат и на модерирање од страна на Агенцијата во насока на формирање синергиски партнерства и поттикнување на чинителите да спроведуваат нови активности и проекти за промовирање на медиумската писменост, одржување отворени консултации, размена на информации, поттикнување, советување и слично.[12]

СЕММ е дел од платформата за медиумска писменост што ја иницираше и ја координира Агенцијата, која брои 35 членки (јавни институции и министерства, граѓански организации, образовни установи и радиодифузери). Целта на мрежата е да ги олесни комуникацијата и консултацијата меѓу различните субјекти во земјава кои работат на подигнувањето на нивото на медиумската писменост на сите граѓани, вклучително и на оние од училишна возраст. Таа треба да придонесе за почеста соработка меѓу релевантните чинители и за подобри и поодржливи резултати од проектите.

Ширењето на медиумската писменост, почнувајќи од најранливата категорија на јавноста - децата и малолетниците е всушност и една од поважните цели во работењето на СЕММ. Испитаниците во ова истражување предлагаат СЕММ да ги интензивира своите залагања преку кампањи, работилници и поголема медиумска присутност, но неопходна е координирана соработка и активности со регулаторот. Според Фиданоски, во процесот на соработка меѓу СЕММ и Агенцијата треба да се опфатат и учениците со различни проекти, што значи медиумската писменост да влезе, барем факултативно, во образованието.

Марина Тунева, извршен директор на СЕММ, додава дека Советот може да продолжи и самоиницијативно да се ангажира во подигнување на нивото на медиумска писменост во различни категории од општеството, како што се на пример средношколци, студенти, граѓански сектор, претставници на медиумите итн., и тоа преку различни форми и начини на комуникација. ***„По примерот на повеќе други држави, Советот може да организира конференции и семинари или негови претставници да ја промовираат неговата работа на медиумите, што всушност, во основа, СЕММ во изминативе речиси три години од своето постоење, и го прави“***[13].

Ефективна пракса во смисла на медиумската писменост што ја има Советот за етика во Естонија, се состои во организација на семинари и обуки на кои неговите претставници го објаснуваат Етичкиот кодекс, својата работа, одлуките и процедурите.[14] ***„Нашата цел е граѓаните да знаат како да комуницираат со новинарите. Втората цел е да ги научиме новинарите да ги слушаат граѓаните и нивните извори и да ги почитуваат нивните права и приватност“***, велат од Советот за етика во Естонија.

Во Австралија, саморегулативното тело, исто така, организира конференции, семинари и медиумски настапи, при што се фокусира на квалитетното, етичко

12 Ибид. Стр. 20.

13 Интервју со Марина Тунева, извршен директор на СЕММ, спроведено на 12.09.2017.

14 Интервју со Маиге Пром, вршител на должноста секретар на Совет за етика во медиумите на Естонија, спроведено на 25.09.2017.

новинарство. Индиректно, според Дејвид Вејсброт, Советот ја унапредува медиумската писменост преку работата со универзитетите и граѓанските организации.[15] ***„Австралискиот Совет за етика има создадено повеќе материјали и презентации за медиумската етика што се бесплатно достапни за академската заедница и сите останати заинтересирани и за граѓанскиот сектор,“*** додава Вејсброт.

Во тој правец, Тунева смета дека е неопходно да се развива соработката меѓу СЕММ и институциите кои работат во доменот на високото и средното образование, граѓанскиот сектор, неформални работни групи, но и со јавните институции, како што е Министерството за образование. Токму платформата за медиумска писменост, која што ја координира Агенцијата, отвора можности за вклучување и на институциите, како што се Бирото за развој на образованието и надлежниот ресор, за развивање конкретни активности со кои средношколската и академската заедница би ги продлабочиле познавањата на оваа тема.

15 Интервју со Дејвид Вејсброт, долгогодишен, сега пензиониран, претседавач на австралискиот Совет за етика во медиумите, спроведено на 23.09.2017 година.

3 СОРАБОТКА СО ТЕЛАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ГОВОР НА ОМРАЗА И ДИСКРИМИНАЦИЈА

Општествено-политичкиот контекст во кој функционираше медиумската сцена во Македонија изминатава деценија, освен што доведе до политизација и поларизација на медиумите, произведе и повеќе несакани феномени што се одразија во медиумските содржини, како говор на омраза, дискриминација по различни основи, национализам, лажни вести и пропаганда, како и засилување на нелојалната конкуренција поддржана од центрите на моќ. Освен неколку екстремни исклучоци, не беа забележани случаи кога медиумите самоиницијативно шират говор на омраза. Тие повеќе послужија како „канал или инструмент", како што вели Сефер Тахири, за ширење на говорот на омразата и дискриминацијата, креирани од политичките партии, власта, институциите и од некои радикални општествени групи.[16] Поради тоа, тој порачува дека ***„новинарите, уредниците и особено главните уредници, кои се креатори на уредувачката политика на одреден медиум и одговорни за објавените содржини во медиумите, имаат голема одговорност пред јавноста"*** и треба да внимаваат да не придонесуваат кон „создавање поволна клима тој (говорот на омраза, н.з.) да добива на интензитет".[17]

16 Адамчевски, М., и Тахири, С., „Известување во интерес на јавноста", СЕММ, Скопје, 2017. Стр. 24.
17 Ибид.

Саморегулаторното тело во Македонија во својата работа се раководи од Кодексот на новинарите на Македонија (2001), од Принципите на Меѓународната федерација на новинарите, како и од Повелбата за етичко известување за време на изборите. Сите овие документи содржат одредби со кои се апелира до новинарите, при создавање на медиумските содржини, да не употребуваат и да се воздржат од ширење говор на омраза и дискриминација по која било основа.[18] Освен преку саморегулаторните механизми, говорот на омразата, инфламаторниот дискриминирачкиот говор се опфатени и во македонското законодавство, како на пример во Кривичниот законик (1996, чл. 137, 144, 173, 178, 179, 181, 319, 394-г, 417), во Законот за спречување и заштита од дискриминација (2010, чл. 5, 7, 9), како и во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2013, чл. 48), кој што не содржи санкција за медиумите, кои се предмет на негова регулација.

Според аналитичарите, законодавната рамка која го санкционира говорот на омраза е усогласена со меѓународните стандарди и документи, но во практиката се воочува сериозна недоследност во применливоста на законите од страна на јавното обвинителство и судството.[19] ***„Неактивниот пристап на правосудните органи, односно неказнувањето на промоторите на говорот на омраза, но и непрепознавањето на опасностите од говорот на омразата како општествено опасна појава, претставува сериозен проблем, кој може да предизвика негативни последици, односно дела од омраза“,*** истакнува Живановски во анализата ***„Ефикасноста на законската регулатива за заштита од говор на омраза“***. Според него, ***„и судската власт и некои медиумски работници наместо да биле брана за непрофесионалното и противзаконско работење на одредени новинари, тие се јавувале во улога на нивни заштитници и одобрувачи на слободно користење говор на омраза.“***[20]

Медиумските и новинарски организации, во рамки на ***„Предлогот за итни демократски реформи (т.н. „Блупринт иницијатива“)“***[21] предложија во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2013) да се воведат санкции за „говор на омраза“ или поттикнување насилство во аудиовизуелните програми, што би се процесирале во прекршочна постапка. Предлог-текстот за измени на Законот од септември 2017 година што го иницираше Министерството за информатичко општество и администрација го содржи ова решение.[22]

Општествено-политичкиот контекст во изминатите години дозволи „толерирање“ во однос на реагирањето и утврдувањето на говорот на омраза и дискриминацијата. Експертите се согласни дека Советот за етика во медиумите,

18 Етички кодекс на новинарите на Македонија, чл. 10; Принципи на Меѓународната федерација на новинарите, чл. 7.

19 Живановски, Н., „Ефикасноста на законската регулатива за заштита од говор на омраза“, МИМ, 2017, Скопје. Стр. 6

20 Ибид.

21 „Предлог за итни демократски реформи” на граѓанските организации, 2016. Стр. 28. Достапно на: http://respublica.edu.mk/attach/BP1_MKD_FINAL_08.07.2016.pdf.

22 МИОА, Предлог – закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, достапно на: http://mioa.gov.mk/files/pdf/dokumenti/zakoni/ID_zakonZa_AAVMU.pdf

во рамки на своите надлежности, е потребно да делува брзо, да ги утврдува и да ги демаскира случаите на говор на омраза и дискриминација во медиумските содржини пред јавноста. Според Зоран Фиданоски, Советот треба да делува ***„превентивно и укажувачки кон медиумите, но и одлучно да се сосечат во корен таквите појави за да не земат замав"***.[23] Во контекст на тоа, Советот за етика во медиумите на Македонија веќе има пракса во која голем број граѓани и субјекти се жалат на присуството на говор на омраза во медиумските содржини. ***„Комисијата разгледала 56 од вкупно 149 случаи, во кои се констатира дека е прекршен членот 10. Најчесто станува збор за говор на омраза врз основа на сексуалната ориентација и врз основа на политичката определба на засегнатите групи и поединци. Најчесто говор на омраза се користи од онлајн-медиумите и од некои новинари што се и автори на емисии"***[24].

Од друга страна, неопходно е да се воспостави ***„систем за брза реакција/одговор до медиумите, одговорните институции (регулаторни агенции, обвинителства, МВР...) и меѓународни институции/организации, но и до поширокатa јавност заради информирање за лошите практики кои не се во согласност со професионалните и етичките стандарди"***, смета Дејан Андонов.[25]

Директорот на Здружението на новинарите на Македонија, Драган Секуловски, ја подига улогата на СЕММ на едно скалило повисоко во спречувањето на говорот на омраза во медиумите: ***„...За медиумска содржина во која има елементи на говор на омраза или, пак, друг вербален деликт, а во делот на кривичното право, потребно е (СЕММ), врз основа на донесените одлуки од Комисијата за жалби, да поднесува и барања за кривично постапување во соработка со правен застапник до Основното јавно обвинителство како надлежен орган за постапување по однос на овие дела."***[26]

За да се засили општествената нетолеранција кон овие феномени во медиумскиот дискурс потребна е ангажирана и координирана акција од повеќе различни актери кои имаат надлежности во оваа сфера, вклучувајќи ги и Комисијата за заштита и спречување на дискриминација и Народниот правобранител.

„Советот многупати има реагирано за ваквите проблематични случаи. Потребна е меѓусекторска и меѓуинституционална соработка, при што особено е важно да реагираат судовите, Јавното обвинителство, Комисијата за заштита од дискриминација, АВМУ", истакнува Марина Тунева.[27] Според неа, соработка со телата за борба против дискриминацијата е неопходна особено кога треба да им се помогне на граѓаните во разбирањето и детектирањето на овие проблеми,

23 Интервју со Зоран Фиданоски, член на Советот на АВМУ, спроведено на 7.09.2017.
24 Адамчевски, М., и Тахири, С., „Известување во интерес на јавноста", СЕММ, Скопје, 2017. Стр. 27.
25 Интервју со Дејан Андонов, раководител на наставна програма на Високата школа за новинарство и односи со јавноста,спроведено на20.09.2017.
26 Интервју со Драган Секуловски, извршен директор на Здружението на новинарите на Македонија, спроведено на 4.09.2017.
27 Интервју со Марина Тунева, извршен директор на СЕММ, спроведено на 12.09.2017.

но уште поважно кога тие треба да се пријават. ***„СЕММ имал случаи на обраќање од страна на Народниот правобранител за случаи на дискриминација по етничка основа. Имаме решавано по претставки во кои се обратиле и други институции, како што е Претседателот на Р.М., меѓународни политички организации, како што е ОБСЕ, Центарот за управување со кризи, Комисијата за спречување на корупција, но и повеќе граѓански организации кои делуваат во сфера на заштита на човековите права"***, додава Тунева.

Од канцеларијата на Народниот правобранител, исто така, се согласни за потребата од соработка со телото за саморегулација. ***„Оваа соработка би можела да се унапреди преку одржување редовни средби меѓу претставниците на овие тела, а во однос на предметното работење на Народниот правобранител сметам дека може да се разгледа можноста од страна на СЕММ да се назначи контакт-лице во ова тело, со што би се подобрила и забрзала комуникацијата и постапувањето во насока на ефикасна заштита на правата на граѓаните. Унапредувањето, исто така, е можно да се продлабочи и со потпишување меморандум за соработка, со кој подетално би се определил начинот и степенот, односно областа на соработка"***, вели Васка Бајрамовска – Мустафа, заменик-народен правобранител[28].

Според претставници од Советот за етика од Естонија, саморегулаторното тело преку своите вообичаени активности, како семинари, состаноци, интервјуа, треба да ***„ги едуцира граѓаните дека правото на слобода на говор не значи дека секој може да каже што сака, и да употребува говор на омраза. Нема анонимност дури ниту на интернет и луѓето треба да преземат одговорност за своите зборови"***.[29]

Поранешниот австралиски претседавач на Советот за етика, Дејвид Вејсброт, смета дека иако говорот на омраза е вообичаено регулиран со закон, саморегулативните тела треба да бидат гласни во неговото критикување и разобличување и можат тоа да го изразат преку одлуките на поплаките.[30] Во таа насока, Доминик вон Бург (Dominique von Burg) од Швајцарскиот совет за етика во медиумите смета дека ***„најдобро е, можеби, да се посетуваат самите медиуми и да им се објасни важноста од избегнување говор на омраза во нивните содржини"***[31].

28 Интервју со Васка Бајрамовска Мустафа, заменик – народен правобранител, спроведено на 03.10.2017.
29 Интервју со Маиге Пром, вршител на должноста секретар на Совет за етика во медиумите на Естонија, спроведено на 25.09.2017.
30 Интервју со Дејвид Вејсброт, долгогодишен, сега пензиониран, претседавач на австралискиот Совет за етика во медиумите, спроведено на 23.09.2017 година.
31 Интервју со Доминик вон Бург, Совет за етика во медиумите во Швајцарија, спроведено на 02.10.2017

4 ГРАЃАНСКИ СЕКТОР И МОЖНИ ФОРМИ НА СОРАБОТКА И КОМУНИЦИРАЊЕ И ПОВРЗУВАЊЕ

Заштитата и промоцијата на човековите права, меѓу кои спаѓа и правото на слобода на изразување и слобода на медиумите, е една од основните теми околу кои е неопходно да соработуваат граѓанскиот сектор и Советот за етика во медиумите на Македонија. Поврзувањето и соработката овозможуваат практичен механизам за учество и влијание на граѓаните (чиј застапник се граѓанските организации) преку претставки и забелешки во однос на начинот на пишување и известување на медиумите. ***„На тој начин се воспоставува линк меѓу совесното новинарство и јавноста“***, смета Бесим Небиу, истражувач и експерт во доменот на граѓанското општество.[32]

За да станат кредибилна публика, која критички анализира, споредува и може да носи информирани проценки за случувањата, граѓаните треба да се запознаат и едуцираат за тоа што претставуваат професионалните новинарски стандарди. Ова е особено важно во период на предизборна кампања, при што граѓаните е потребно да препознаат непрофесионално медиумско известување кое може да влијае на начинот на кој би гласале.

32 Интервју со Бесим Небиу, истражувач и експерт во доменот на граѓанското општество, спроведено на 12.09.2017.

„Преку соработката со граѓанските организации, СЕММ треба да работи на подигнување на свеста за темата и на едукација за механизмите преку кои тие можат да реагираат. Ова е особено значајно на локално ниво бидејќи мислам дека нема доволно организации кои работат на темата слобода на изразување, а и тие имаат малку познавања како поефикасно да работат. Оттука, соработката со СЕММ може да биде дополнителен поттик за нив", смета Сунчица Саздовска, национален советник на проектот за Техничка поддршка за граѓанските организации (ТАКСО).[33]

Според неа, потребна е редовна комуникација и средби со граѓанските организации кои ќе послужат за консултации во врска со проблемите и утврдување на потребите и насоките на делување на СЕММ. Тоа би бил начинот на кој Советот би постигнал и поголема препознатливост во рамки на граѓанскиот сектор – преку директни средби, особено на локално ниво, на кои би се презентирала улогата на СЕММ и можностите за заедничко делување. ***„Потребно е СЕММ редовно да ги информира сите засегнати и релевантни чинители за активностите што ги презема и одлуките што ги донесува во однос на прекршувањето на етичките стандарди во медиумите. Тоа може да се прави преку директна е-маил комуникација, преку електронски информатор и објави на социјалните мрежи. Одржувањето директни средби и размена на информации со цел унапредување на соработката со конкретни релевантни чинители (државни институции, медиуми, високообразовни установи) треба да биде редовна активност на Советот"***[34], вели Билјана Петковска, директор на МИМ.

И Драган Секуловски од ЗНМ смета дека СЕММ, во соработка со други граѓански организации или мрежи коишто се активни во повеќе сектори, ќе има прилика да ги запознае граѓаните со медиумската саморегулација. На тој начин, Советот ќе може да им ги објасни на граѓаните предностите од пријавување неетичко медиумско известување, наспроти користење судски механизми, како што се тужби за клевета или навреда, додава Секуловски.

Гледано во перспектива, при воспоставени интензивни релации и соработка со граѓанските организации, саморегулаторното тело може да помогне во решавањето на одредени проблеми кои ги регистрирал граѓанскиот сектор во сферата на слободата на медиумите.

„Потребно е информирање и едукација на новинарската и медиумската фела. Треба да се воспостави и одредена професионална пракса при медиумското известување, која ќе се темели на одлуките на СЕММ донесени во однос на претставките. Меѓутоа, суштинско е да се постигне мобилизација на граѓаните", предлага Бесим Небиу.

Саморегулаторното тело може да помогне во решавањето на одредени проблеми кои ги регистрирал граѓанскиот сектор поврзани со начинот на кој известуваат медиумите и тоа преку ***„натамошно покренување на прашањата и проблемите кои***

33 Интервју со Сунчица Саздовска, национален советник на проектот за Техничка поддршка за граѓанските организации (ТАКСО), спроведено на 14.09.2017.

34 Интервју со Билјана Петковска, директор на МИМ, спроведено на 03.10.2017.

ги воочиле граѓанските организации обелоденување на проблемите во јавноста", смета Саздовска. Дополнително, Советот може да ги искористи активностите кои веќе ги спроведува за едукација на граѓаните и на граѓанските организации во насока на ***„препознавање на квалитетни текстови и новинарски текстови и стории, нивно разликување од манипулации, спинови и лажни вести, како и да советува како да се постапува во овие случаи"***, додава Александар Кржаловски, извршен директор во МЦМС. Според него, Советот треба и самоиницијативно да постапува во случаи на злоупотреба на граѓански организации или поединци од граѓанскиот сектор, наведувајќи ја како пример веста во еден медиум за наводна анкета на МЦМС, која воопшто не била спроведена.

На граѓанските организации им стои на располагање и можноста кога одделни медиуми известуваат непрофесионално или, пак тенденциозно, за нивната работа, тие да се обратат во СЕММ со поднесување на претставки или, пак, да побараат медијација, додава Секуловски од ЗНМ. Така, според него, би се воспоставил дијалог помеѓу двете страни, со цел решавање на одредена ситуација која би резултирала со евентуално извинување од страна на медиумот или, пак, објава на демант.

Граѓанскиот сектор е битен столб за поддршка на саморегулацијата и токму заради тоа потребна е поголема популаризација на СЕММ, на неговите механизми и можности меѓу граѓанските организации. СЕММ веќе презема повеќе активности, како учество на конференции, дебати и јавни настапи. Така, на почетокот на 2017 година беше организирана дебата за заштитата на човековите права преку медиумите, на која учествуваа 20-тина претставници на граѓански здруженија активни во доменот на заштитата и унапредувањето на човековите права. Присутните беа запознаени со процесот на медијација и начинот на поднесување жалби до СЕММ, а беа повикани активно да придонесат во работата на Советот преку пријавување на случаите на непрофесионално известување.[35]

Испитаниците од граѓанското општество сугерираат дека ***„СЕММ треба да е во постојана кампања со која ќе ги промовира своите активности пред граѓанските организации"***[36]; да ***„споделува информации за основните функции и активности преку е-пошта, квартален информатор; или да отвори канали за директна комуникација на граѓанските организации со Советот (на пример, пријавување на случаи или инфо-линија за совет како да се постапи кога ќе се случи проблем од оваа област)."***[37] Повеќемина истакнаа дека за СЕММ би било корисно и повремено организирање настани и активности со граѓански организации низ државата, со цел да се крене видливоста и на локално и регионално ниво. Во таа насока, СЕММ и веќе презема активности, при што досега се организирани повеќе дебати на регионално и локално ниво, а остварена е и активна соработка со граѓански организации.

35 СЕММ, Дебата на СЕММ за заштитата на човековите права преку медиумите и поддршка на саморегулацијата, Скопје, 2.02.2017. Достапно на: http://semm.mk/novosti-4/2015-08-11-15-03-18/258-debata-semm-06-02.

36 Интервју со Драган Секуловски, извршен директор на Здружението на новинари на Македонија, спроведено на 4.09.2017.

37 Интервју со Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС, спроведено на 14.09.2017.

Како начини за поврзување меѓу саморегулаторните тела со граѓанските организации, во меѓународната пракса познати се примери на воспоставување советодавно тело или консултативен комитет кој што би овозможил повремен увид во работата на граѓанскиот сектор, без да се компромитира независноста на Советот.[38] Професорот Вејсброт, исто така, предлага и организирање тематски состаноци на ад-хок основа поврзани со одредени прашања, како на пример: известување за домашно насилство, известување за правата на децата или за малцинските групи.[39]

За Маиге Пром од Советот за етика во медиумите од Естонија, главен начин на поврзување со граѓанското општество се обуките: ***„Може да има два типа обуки: граѓанскиот сектор и Советот заедно да ги организираат или Советот да организира обуки за граѓанските организации, како на пример медиумски обуки за организациите кои работат во областа на заштита на детските права. Соработката може да се оствари и доколку некоја граѓанска организација се жали до Советот.“***[40]

38 Интервју со професор Дејвид Вејсброт, долгогодишен, сега пензиониран, претседавач на австралискиот Совет за етика во медиумите, спроведено на23.09.2017

39 Интервју со професор Дејвид Вејсброт, долгогодишен, сега пензиониран, претседавач на австралискиот Совет за етика во медиумите, 23.092017.

40 Интервју со Маиге Пром, вршител на должноста секретар на Совет за етика во медиумите на Естонија, спроведено на 25.09.2017.

5 СОРАБОТКА НА СЕММ СО МЕДИУМСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈА

Според природата на својата работа, СЕММ, новинарските и медиумските организации и здруженија се неминовно упатени на меѓусебна соработка. Саморегулаторното тело уште од своето основање, активно соработува со релевантните новинарски и медиумски организации[41] во повеќе различни случаи и иницијативи. Така, СЕММ е дел од медиумската коалиција која ја мониторира законската регулатива од медиумската области реагира на различни несоодветни решенија кои беа предлагани од властите, како и во многу случаи кога се работеше за прекршување, заштита и промоција на професионалните стандарди и на слободата на новинарите и на медиумите.

„Имајќи го предвид лошиот рејтинг на Република Македонија во однос на слободата на изразување во државата и човековите права, заедничката координација меѓу организациите е од исклучително значење. Но, од друга страна, соработката е важна и за поединечно јакнење на капацитетите на новоформираните организации, како СЕММ,"[42] нагласува Марина Тунева, директорка на СЕММ.

Според неа, саморегулацијата како механизам, заедно со медиумските организации, може да помогне во решавањето на одредени проблеми, особено оние што

41 Здружение на новинарите на Македонија, Независен синдикат на новинари и медиумски работници, Македонски институт за медиуми и Институт за комуникациски студии.
42 Интервју со Марина Тунева, извршен директор на СЕММ, спроведено на 12.09.2017.

се во нејзин домен на делување – да ги поттикнува медиумите да известуваат професионално, но и јавноста да реагира на случаите на неетичко информирање на медиумите. ***„Од друга страна, координираната акција и поддршката од страна на медиумските организации за СЕММ ќе значат и дополнително зајакнување на неговото влијание и позиција, и меѓу медиумската заедница и меѓу граѓаните"***, додава Тунева.

Размената на искуства и информации со сродни и други граѓански здруженија од земјата и од странство се дел од мисијата и активностите на СЕММ. Ваквата проактивна соработка со граѓанскиот сектор, а особено со медиумските организации и Здружението на новинари на РМ беше зададена како цел уште во 2012 година, кога група новинари, уредници, сопственици на медиуми и претставници на медиумски организации и институции, координирани од Здружението на новинарите не Македонија и Македонскиот институт за медиуми го создадоа Акциски план за подобрување на состојбата со медиумите во Македонија, за да служи како платформа врз која ќе се градат и ќе се спроведуваат натамошните политики и чекори во правец на подобрување на медиумската состојба во Македонија.[43] Уште тогаш, медиумската заедница ја истакна потребата од формирање на функционален систем за саморегулација преку независно тело, Совет за етика, составено од новинари, сопственици на медиуми и независни експерти, што ќе ги штити и ќе ги афирмира професионалните и етичките стандарди во новинарството и правата на граѓаните во однос на медиумските содржини. Оваа цел беше остварена во 2014 година, при што може да се каже дека и самиот Совет за етика на медиумите во Македонија претставува резултат на заедничката волја и заложби на поширокатa медиумска заедница.

Од своето формирање во 2014 година, СЕММ покажа голема ангажираност и проактивност. Саморегулаторното тело досега соработувало со повеќе граѓански организации во доменот на едукација на новинарите, во областа на медиумската писменост, анимирање на своето членство, а имаше и многу активности во насока на развивање на меѓусекторската соработка заради адресирање различни проблеми, како на пример појавата на говор на омраза во медиумите, дискриминацијата по различни основи, итн.

Така на пример, Советот беше дел од иницијативата поддржана од 50-тина граѓански организации, кои ги адресираа итните реформски приоритети што произлегуваат од ***„Пржинскиот договор"***.[44] Документот наречен ***„Предлог за итни демократски реформи"*** содржи и дел за медиумскиот сектор, во кој се бара од Владата да започне инклузивен и транспарентен процес на јавна расправа, како за приоритетните, така и за другите проблеми, чие решавање може да доведе до

43 ЗНМ и МИМ, „АКЦИСКИ ПЛАН за подобрување на состојбата со медиумите во РМ", Маврово, 2012. Достапно на: http://znm.org.mk/wp-content/uploads/2016/03/%D0%90%D0%BA%D1%86%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD-%D0%97%D0%9D%D0%9C-%D0%9C%D0%98%D0%9C-%D0%BC%D0%B0%D1%80%D1%822012%D0%B3.pdf.

44 Договор меѓу политичките партии во Македонија, кој беше резултат на двегодишни преговори кои беа водени со посредство на меѓународната заедница со цел надминување на политичката криза во Македонија во текот на 2015 и 2016 година.

подобрување на слободата на изразување и на состојбата во медиумскиот сектор.[45]

Многу е важно тоа што СЕММ има поддршка од граѓанските организации од медиумската сфера, но и од владејачката структура која стапи на власт во средината на 2017 година, што повторно се истакнува во Извештајот на Прибе: ***„Владата истакна намера да создаде овозможувачка околина и да го остави медиумскиот сектор да се „менаџира“ самиот без мешање. Саморегулацискиот пристап е поддржан од медиумските засегнати страни, исто така.“***[46]

За ова зборува и информацијата дека Здружението на новинарите на Македонија како една од своите стратешки клучни активности во периодот 2015-2018 ја има наведено ***„заштитата и промоцијата на професионалните стандарди и етика во новинарството и воспоставување на механизми за нивно спроведување (саморегулација)“***.[47] Притоа, како стратешка цел има наведено дека ќе работи на „зајакнување на саморегулација како механизам за отчетност кон јавноста и развој на одговорно новинарство“ под што подразбира: редовно учество на претставниците на ЗНМ во Советот, информирање на членството, новинарите, медиумите и јавноста за неговото функционирање, редовно информирање од страна на претставниците на ЗНМ за работата и резултатите на Советот, поддршка за функционирањето на саморегулаторното тело (експертска, техничка, и сл.).[48]

Од друга страна, пак, СЕММ како една од своите цели има предвидено да работи на унапредување на етичкиот кодекс на новинарите, преку развивање и допрецизирање на одделни аспекти, како што се заштита на личноста и приватноста при известувањето, заштита на деца и малолетници при известувањето, известување за криминал итн. Во таа насока, СЕММ подготви ***„Преглед на искуства и практики од меѓународните совети за етика во медиумите“***[49], кој ги анализира етичките рамки што се применуваат во процесот на одлучување по жалбите од јавноста. Прегледот ќе послужи како основа за натамошните планирани активности, во соработка со ЗНМ и другите релевантни медиумски организации, во унапредувањето на тековната етичка рамка.

СЕММ соработува и со Македонскиот институт за медиуми, кој исто така во своите стратешки цели и активности има зацртано развивање врски на македонските со меѓународните медиумски професионални организации и други организации од областа на медиумите. Двете организации имаат соработувано на различни проекти за јакнење и промоција на саморегулацијата, но и на професионалниот интегритет на медиумите и новинарите, воопшто.

45 ЗНМ, ССНМ, СЕММ, МИМ и ИКС, „Барања за итни медиумски реформи“, 2016. Достапно на: http://semm.mk/novosti-4/2015-08-11-15-03-18/275-baranja-za-itni-mediumski-reformi.

46 European Commission, “Assessment and recommendations of the Senio Experts’ Group on systemic Rule of Law issues 2017”, Brussels, 14Sepetember 2017. Достапно на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/2017.09.14_seg_report_on_systemic_rol_issues_for_publication.pdf.

47 ЗНМ, Стратешки план на *З*дружението на новинари на *М*акедонија за периодот *2015-2018,* Скопје, 2015. Достапно на: http://znm.org.mk/?page_id=1362.

48 Ибид.

49 Донев, Д., „Преглед на искуства и практики од меѓународните совети за етика во медиумите“, СЕММ, Скопје, 2017. Достапо на: http://semm.mk/pravna-ramka-4/publikacii/270-pregled-na-iskustva-i-praktiki-od-megjunarodnite-soveti-za-etika-vo-mediumite

Неспорно е дека за унапредување на слободата на медиумите и слободата на говорот, треба да постои силен граѓански „фронт“ со медиумски фокус, а Советот за етика во медиумите на Македонија е неопходен во тој состав. И европските институции ја поддржуваат промоцијата, особено на доброволни, саморегулаторни иницијативи и механизми, како што се медиумските кодекси за етика, што ја поттикнуваат одговорноста на медиумите.[50] Но, последниот извештај на ЕУ за напредокот на Македонија од 2016 година, посочува дека ***„се неопходни сериозни напори за да се развие култура на професионална етика и во традиционалните и во онлајн медиумите“***.[51] А, Извештајот на Прибе од 2017 година[52] истакнува дека дискусиите за медиумскиот пејзаж многу често се фокусираат на граѓанските организации и новинарите, додека приватните медиуми и нивните сопственици се отсутни од дебатите. ***„Перцепциите се дека тие немаат голем интерес за изнаоѓање одржливи решенија.“*** Според извештајот, овде има простор да се разгледа улогата и на Советот за етика во медиумите на Македонија, меѓу другите споменати актери како што се Македонската медиумска асоцијација, Економската комора на Македонија, Македонските стопански комори и Бизнис конфедерацијата на Македонија.

Токму ова се некои од предизвиците кои стојат пред Советот за етика во медиумите на Македонија и другите медиумски организации, кои како цели ги имаат поставено унапредување на професионалното новинарство, подигнување на свеста и заштита на правото на граѓаните да добиваат непристрасни и целосни информации.

„Медиумската заедница, чиј составен дел е и Советот, заедно со медиумите и со политичките актери, се неопходен предуслов за квалитетни медиумски реформи кои конечно би требало да го деконтаминираат затруениот медиумски простор и амбиент во кој егзистираат и новинарската “фела“ и медиумите, на штета на јавноста“, заклучува Фиданоски.

За улогата што ја имаат некои од советите за етика на меѓународно ниво, зборуваат и примерите од западноевропски држави, каде што советите се вклучени во консултации со власта за легислативата што се однесува на слободата на печатот. Во Белгија, властите редовно ги консултираат претставниците на советите за етика за совети и препораки во врска со медиумското законодавство. Токму еден од тие претставници бил клучен експерт во процесот на подготовка на законот за заштита на новинарските извори во Белгија, што се смета како закон за пример во европски рамки.[53] И во Германија, Советот за етика е консултиран доколку станува збор за регулативата од областа на слободата на медиумите.

50 European Parliament, “EU Guidelineses on Freedom of expression”, 2014.
51 European Commission, “The former YugoslavRepublic of Macedonia 2016 Report”, Brussels, 9.11.2016.
52 European Commission, “Assessment and recommendations of the SeniorExperts’ Group on systemic Rule of Law issues 2017”, Brussels, 14 September 2017.
53 Hulin, A., “Statutory media self-regulation: beneficial or detrimental for media freedom?”,European University Institute, 2014. Достапно на: http://cadmus.eui.eu/bitstream/handle/1814/34047/RSCAS_WP_2014_127.pdf;sequence=1. Стр. 4

6 СОРАБОТКА СО ВИСОКООБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ

Саморегулаторните тела, преку својата практична работа имаат акумулирано знаење, експертиза и примери, кои може да претставуваат значаен ресурс за студентите по новинарство, академската заедница и медиумските експерти. За подигнување на свесноста и разбирањето на саморегулацијата меѓу новите и помлади генерации медиумски работници, од особена важност е развивањето на соработката со институциите од доменот на високото и средното образование, граѓанските организации кои работат во областа на образованието, неформални работни групи, но и јавните институции како што се надлежните министерства. Една од целите на СЕММ[54] е ширење на принципите на доброто новинарство, преку промоција на професионалните и етичките стандарди во специјализираните медиумски образовни институции и установи, како што се училиштата, факултетите и универзитетите.

Токму затоа неопходно е да се воспостави проактивна и редовна соработка со факултетите и таа да се формализира во наставните планови, како што сугерира Дејан Андонов од Високата школа за новинарство и односи со јавноста. Според него, вештините и знаењето на идните академски граѓани во сферата на новинарството и комуникациите, може да се подобрат преку различни форми на соработка: ангажирање на професионалци од индустријата кои се членови на СЕММ како гости - предавачи на високообразовните институции, преку студии на случај за студентски проекти, коишто ќе им помогнат на студентите директно да ги

54 Веб-страница на СЕММ: http://semm.mk/sovet-za-etika-4/celi.

применат стекнатите знаења за решавање на специфични професионални предизвици, но и преку ангажирање на студентите во проекти и истражувања на СЕММ.[55] Бесим Небиу додава дека СЕММ може да помогне во подобрувањето на вештините и знаењето на идните академски граѓани во сферата на новинарството и комуникациите, преку организирање обуки, програми за пракса во редакциите, преку одржување контакт со катедрите и професорите преку нивно постојано информирање за активностите на СЕММ, но и преку испраќање на публикациите кои тие можат да ги користат во наставните програми.[56]

Всушност, Советот веќе има остварено добра соработка со неколку високообразовни институции и институти, каде што се организирани дебати со студентите и наставниот кадар, односно на Институтот за комуникациски студии, Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, Меѓународниот балкански универзитет, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Во меѓународната пракса има многу различни примери на соработка меѓу саморегулаторните тела и високообразовните институции. Посебна и уникатна образовна програма на Советот за етика на Босна и Херцеговина е Школата за медиумска етика, годишна седумдневна практична настава за медиумските етички стандарди и медиумската саморегулација, која се спроведува за студенти по новинарство од шест универзитети во земјата. Школата функционира од 2005 година, а како надградување на оваа програма, Советот почна и нов проект – Школа за медиумска етика онлајн (http://www.mediaethics.eu/). Програмата е наменета за образување и на публиката и на новинарите за тоа што претставуваат професионалните стандарди во медиумите, но и зошто се потребни во едно демократско општество.[57]

Австралискиот Совет за етика, пак, нуди асистенција на предавачите по новинарство на универзитетите и други материјали и инструкции за студии на случај базирани на неговите одлуки. На овој начин на студентите им се овозможува да учат за етичките стандарди преку симулирање на процесите на одлучување околу поплаките кои се упатуваат до ова тело.[58] Дополнително, Советот во соработка со Асоцијацијата за новинарско образование и истражувања на Австралија доделува и награди за студентски есеи на теми поврзани со медиумските слободи или медиумската етика за студентите по новинарство на додипломски и постдипломски студии, како и за најдобрите студенти по новинарство.

Оваа практика на соработка меѓу факултетите по новинарство, средните училишта и советите за етика се покажала како многу корисна, така што експертите во областа и истражувачите препорачуваат таа да се поттикнува и во други држави кои имаат поразвиена и демократска традиција и традиција на саморегулација.

55 Интервју со Дејан Андонов, раководител на наставна програма на Високата школа за новинарство и односи со јавноста, спроведено на 20.09.2017.

56 Интервју со Бесим Небиу, истражувач и експерт во доменот на граѓанското општество, спроведено на 12.09.2017.

57 Совет за печат на Босна и Херцеговина, Програма МедиаНетикс. Достапно на: http://www.medianethics.org/index.php/members/27-the-press-council-in-bosnia-and-herzegovina.

58 Веб-страница на Австралискиот Совет за етика во медиумите, www. http://www.presscouncil.org.au/

Така во Белгија, препораките се дека на курсевите по новинарство треба да се посвети повеќе внимание на работата на Советот, затоа што перспективните новинари мора да научат да го почитуваат саморегулаторното тело.[59]

Заради натамошно запознавање со концептот на саморегулација во медиумите, а особено со можностите за навремена реакција на случаите на непрофесионално известување, од особено значење е СЕММ да продолжи со директното комуницирање со високообразовните институции. Во таа насока, освен дебатите со студентите и наставниот кадар, возможна е и соработка во заеднички истражувачки проекти во сферата на медиумите што може да придонесе за комплементарност во взаемното работење. ***„Како илустрација на ова е учеството на СЕММ во соработката со Институтот за комуникациски студии, кој реализираше мониторинг на медиумското известување во предизборниот период во државата, а сознанијата од истражувањето во комбинација со наодите од работата на Комисијата за жалби околу најчестите прекршувања на етиката во известувањето беа претставувани на различни директни средби со граѓаните“***, вели Марина Тунева од СЕММ[60].

59 Koene, D., "Press councils in Western Europe", Studies for the Netherlands Press Fund, 2008. Достапно на: https://www.rvdj.nl/uploads/fckconnector/5e5f0690-3d71-4993-8229-0481e128394e.Стр. 118.
60 Интервју со Марина Тунева, извршен директор на СЕММ, спроведено на 12.09.2017.

7 СОРАБОТКА СО СУДСКИТЕ ОРГАНИ

Една од најчесто истакнуваните придобивки на медиумската саморегулација е намалувањето на бројот на судските спорови што публиката, односно граѓаните, може да ги покренат против медиумите, кон што всушност и се стреми Советот во рамки на своите надлежности и активности. Саморегулацијата, всушност, им нуди алтернатива на судовите при разрешувањето тужби поврзани со медиумските содржини поднесени од страна на корисниците на медиумите. Според Хулин, саморегулаторните механизми имаат конкретни предности споредено со судовите: ефективност и флексибилност на системот, техничка експертиза, помали трошоци споредено со долгите и скапи судски процеси генерално за општеството и моќ да ја зголемат демократската вклученост/учество на медиумските корисници.[61] Советите за етика се покажале ефикасни во разрешувањето на поплаките од медиумските корисници во многу брзо време и со мали трошоци на сите вклучени страни.[62]

Медиумската саморегулација го намалува таканаречениот ***„chilling effect“*** или обесхрабреност на медиумите да го користат правото на слобода на изразување поради страв од судски казни. Доколку медиумската саморегулација се сфати како обезбедување алтернатива на судовите, за оние кои сакаат да поднесат тужба против медиум, саморегулаторните механизми го намалуваат бројот на скапите судски процеси против медиумите. Така, саморегулацијата го промовира и принципот на еднаквост: ***„Додека богатите и моќните често го користат судството за да поднесат тужба против медиум, саморегулаторните тела***

61 Hulin, A., “Statutory media self-regulation: beneficial or detrimental for media freedom?”, European University Institute, 2014. Достапно на: http://cadmus.eui.eu/bitstream/handle/1814/34047/RSCAS_WP_2014_127.pdf; sequence=1. Стр. 3.
62 Ибид.

им дозволуваат на сите да бараат квалитет од медиумите и почитување на правото на информирање", истакнува Хулин.[63]

Во Македонија, Советот може да помогне во подобрувањето на вештините и знаењето на судиите и обвинителите во сферата на новинарството и комуникациите, на тој начин што „одлуките на Комисијата за жалби, ако веќе не се, може многу да придонесат во формирањето на судската пракса по можните тужби во кои се вклучени новинари и медиуми", сугерира Зоран Фиданоски, член на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски сервиси. Но, според него, пожелно би било до тоа воопшто и да не дојде: ***„позитивно би било, судот да ги упатува потенцијалните странки – медијаторскиот дел прво да се обидат да го направат пред Советот за етика. Советот треба да ги намали во што е можно најмала бројка потенцијалните судски спорови во кои би биле вклучени медиуми и новинари..."***, додава Фиданоски.[64]

„СЕММ треба повеќе да се занимава и со медијација меѓу граѓаните и медиумите, но и помеѓу медиумите и медиумите", смета и Младен Чадиковски, главен и одговорен уредник на ТВ 24 Вести.[65] Тој верува дека ова би придонело кон зголемување на довербата кон СЕММ.

Во насока на популаризација на медијацискатa улога на СЕММ, со цел намалување на судските процеси во кои како странки се јавуваат граѓани и медиуми, извршниот директор на Здружението на новинарите на Македонија, Драган Секуловски, истакнува дека е потребно граѓаните да се запознаат поблиску со улогата на саморегулацијата и кои се нејзините предности во однос на судските механизми, како што се тужби за клевета или навреда.[66]

Досега во СЕММ имало случаи во кои подносителите на жалби, односно нивните застапници, одлучиле да поведат и постапка пред суд, но и да реагираат во врска со неетичко известување на медиум пред Советот. Притоа, одлуките на СЕММ постепено се земаат предвид и во самите судски процеси. Од друга страна, ***„СЕММ ја препозна и потребата активно да работи со судовите, со цел одблиску да ги запознае со процесот на саморегулација, процесот на медијација и начините на кои може да се засили меѓусебната соработка. Во таа смисла, се обидуваме да учествуваме на заеднички настани со претставници на судовите, со цел да се отпочне тој процес на „ефективно партнерство"***, вели Тунева.

Практиката од различни држави покажува дека модалитетите на соработка меѓу саморегулаторните тела и судските органи може да вклучуваат различни приоди.

Кога се зборува за тоа колку одлуките на советите за етика се почитуваат и земаат предвид во судски процеси, постојат различни решенија, од кои некои се претставени во анализата ***„Преглед на искуства и практики од меѓународните***

63 Ибид.
64 Интервју со Зоран Фиданоски, член на Советот на АВМУ, спроведено на 7.09.2017.
65 Интервју со Младен Чадиковски, главен и одговорен уредник на ТВ 24 Вести, спроведено на 26.09.2017.
66 Интервју со Драган Секуловски, извршен директор на Здружението на новинарите на Македонија, спроведено на4.09.2017.

совети за етика во медиумите".[67] Во Швајцарија, на пример, судовите, па дури и Федералниот суд, може да се повикуваат на одлуки и етички размислувања на Советот за етика во медиумите, а во Белгија за да се реши случај поврзан со новинари или со медиуми, еден од критериумите што ги употребуваат судиите при носењето одлука, е земање предвид на новинарските етички правила. Саморегулаторното тело им обезбедува совети на судиите или судовите кога тие тоа ќе го побараат. Оваа институционална соработка, која претставува повеќе неформална практика отколку официјален механизам, функционира на тој начин што кога се работи, на пример, за случаи на говор на омраза од страна на новинари, Советот го информира Центарот создаден од страна на надлежните органи, чија цел е да дејствува во однос на овие случаи, а тој понатаму постапува во согласност со случајот и неговите надлежности.[68]

Дополнително, специфично е и прашањето за тоа дали постапката може да се одвива паралелно пред саморегулаторното тело и пред судот. Во Ирска, Советот не ги разгледува поплаките доколку е иницирана судска постапка. Во Австралија, од жалителите не се бара да се откажат од судски постапки, но се очекува да се изјаснат дека не размислуваат за тоа во моментот кога е поднесена поплаката. Доколку Советот утврди дека во тек е и паралелна граѓанска или кривична постапка, тогаш разгледувањето на поплаката од страна на саморегулаторното тело се суспендира додека не завршат постапките.

Во некои од развиените западноевропски држави, како Холандија, Шведска и Данска, соработката меѓу судовите и саморегулаторните тела е на тоа ниво што претседавачите на советите за етика се активни или поранешни членови на судскиот систем. Во Данска, на пример, претседавачот на Советот е член на Врховниот суд, додека, пак, неговиот заменик е адвокат.[69]

Еден покреативен пример доаѓа од Босна и Херцеговина (БиХ) и покажува како тамошното саморегулаторно тело, Советот за етика, соработува со судството и обвинителството преку редовните едукативни програми за судии и обвинители. Во рамки на овие програми, Советот го започнал проектот ***„Не си невидлив"***, преку кој била создадена заедничка платформа меѓу саморегулаторното тело, судството и полицијата, во соработка со уредниците на веб-порталите, а целта била да се спречи ширењето на говорот на омраза на порталите преку содржини генерирани од корисниците. Ова било резултат на повеќе приговори од страна на граѓани за говор на омраза и закани упатени кон поединци во уредничките текстови и во коментарите на некои веб-портали во 2012 година, по што биле поднесени неколку кривични пријави против идентификувани лица кои коментирале против уредниците на тие текстови.[70]

67 Донев, Д, „Преглед на искуства и практики од меѓународните совети за етика во медиумите", СЕММ, Скопје, 2017.
68 Ибид. Стр. 9.
69 Koene, D., "Press Councils in Western Europe", Studies for the Netherlands Press Fund, 2008. Достапно на: https://www.rvdj.nl/uploads/fckconnector/5e5f0690-3d71-4993-8229-0481e128394e.Стр. 23-24.
70 Хулин, А., и Стон, М., (Ур.), Водич за саморегулација на онлајн медиумите, ОБСЕ, Виена, 2014. Достапно на: http://www.osce.org/mk/fom/316166?download=true. Стр. 112.

Во секој случај, унапредувањето на взаемните релации и соработка меѓу Советот за етика на медиумите во Македонија и судовите може само да придонесе кон намалување на бројот на судски предмети против новинари и медиуми, за што Македонија често е критикувана од меѓународните организации. Освен преку можностите за директно вклучување на судиите, јавните обвинители или адвокатите во работата на Советот, каков што е случајот и во Естонија71 и во повеќе западноевропски држави, судовите треба доследно да ја следат судската пракса од Европскиот суд за човекови права, особено во ситуации кога како странки се вклучени медиуми или новинари.[72]

71 Интервју со Маиге Пром, вршител на должноста секретар на Совет за етика во медиумите на Естонија, спроведено на 25.09.2017.

72 Интервју со Драган Секуловски, извршен директор на Здружението на новинарите на Македонија, спроведено на 4.09.2017

8 СОРАБОТКА СО МЕДИУМИТЕ

„***За еден медиум, членувањето во СЕММ би требало да претставува членство во клуб со фин бонтон во кој се почитуваат одредени етички принципи, а во случај на нивно прекршување се одговара пред јавноста, но не и пред суд доколку таа грешка е ненамерна и нема штета.***“ Вака главниот и одговорен уредник на ТВ 24 Вести, Младен Чадиковски, во неколку збора ја сумира идејата за тоа каква би требало да биде релацијата на СЕММ со медиумите.

СЕММ во својот непосреден фокус ги има почитувањето на етичките и професионалните стандарди во медиумските содржини и заштитата на правото на јавноста да добие објективна и целосна информација. Остварувањето на овие цели зависи од тоа дали и колку новинарите и медиумите ги почитуваат и спроведуваат во својата работа стандардите на професијата. Токму заради тоа што ***„медиумите и новинарите се примарни конституенти и основачи на СЕММ, потребно е Советот да го задржи својот фокус на нив“***, одговара Чадиковски на прашањето кои треба да бидат чинителите кои активно треба да се вклучат за подобрување на состојбата на медиумите во државата.

Советот вложува големи напори во подигнување на свеста за значењето на слободата на изразување и независноста на медиумите, поради што настојува ангажирано да ги вклучи медиумите во своите активности како партнери. Надвор од изборни периоди, Советот организира дебати, конференции, јавни настапи на медиуми, публикува различни материјали од својата област. Со намера да придонесе кон поголема професионализација на медиумите за време на изборните циклуси, СЕММ учествуваше во телото кое ги подготви ***„Етичките и професионални принципи на МРТ за медиумско покривање изборни процеси“***[73]

73 МРТ, „Етичките и професионални принципи на МРТ за медиумско покривање изборни процеси“, Скопје, 2016. Достапно на: http://semm.mk/attachments/Eticki-kodeks-na-MTV1.pdf.

во 2016 година, како и на ***„Повелбата за етичко известување за изборите“***[74] во 2016 година, која ја потпишаа најголемиот број медиуми согласувајќи се дека ќе се придржуваат до нејзините принципи и активно ќе се залагаат за афирмирање на етиката и професионалноста во известувањето.

Во пресрет на Локалните избори во 2017 година, раководството на Македонската информативна агенција информираше дека сите интернет медиуми кои ќе го почитуваат Кодексот на новинарите на Македонија и Повелбата за етичко известување на СЕММ ќе добијат бесплатен пристап до сите информации на МИА за Македонија до завршувањето на изборите[75]. Оваа иницијатива која ја поддржаа СЕММ и ЗНМ, има за цел да се подобрат професионалните новинарски стандарди и да се создаде амбиент во кој непрофесионалните новинари сами ќе се обележат и изолираат.

Според Дејан Андонов, СЕММ може да помогне да се воспостават саморегулациски механизми во медиумите и да се подигне свеста за потребата од: ***„редакциски етички кодекси - за заштита на сопствениците на медиумите и издавачите од критики и законски мерки, за воспоставување стандард по кој може да се оцени работата на новинарите, за подигнување на довербата и кредибилитетот во јавноста; уредувачки договори – за да се спречат сопствениците да влијаат врз уредувачката содржина и уредниците да ја имаат водечката улога за сите уредувачки одлуки; редакциски омбудсмани - за да се почитуваат правилата и праксата кои ги востановил медиумот, нудејќи еден вид внатрешна контрола на квалитетот.“***[76]

Дополнително, СЕММ треба да ја зајакне и прошири својата улога надвор од главниот град, заради што треба да воспоставува директен контакт со медиумите на регионално и на локално ниво. Во тој контекст, може да потпише и меморандуми за соработка и планирање на заеднички активности со новоформираната асоцијација на регионални радиодифузери, предлага Чадиковски.

Саморегулаторните тела во регионот работат на различни проекти преку кои настојуваат да ги спојат медиумите и граѓаните. Советот за печат на БиХ, со намера да го унапреди информирањето на граѓаните за нивното демократско право да приговараат и реагираат, вклучувајќи и за известувањето на веб-порталите, во 2012 година започна радиоемисија насловена како ***„Вашиот глас во медиумите“***. Оваа програма се продуцира под мотото ***„Граѓаните и новинарите заеднички се борат за вистината”***, а се однесува на медиумската етика, саморегулацијата на медиумите, правото на приговор, проблемите на медиумите, културата на комуникација во јавниот дискурс и содржините ге-

74 СЕММ, „Повелбата за етичко известување за изборите“, Скопје, 2016. Достапно на: http://semm.mk/novosti/2015-08-11-15-03-18/204-2016-01-27-13-41-21.

75 СЕММ, „Бесплатни информации за порталите што ќе ги почитуваат стандардите за етичко известување“, 13.09.2017, достапно на: http://semm.mk/novosti-4/2015-08-11-15-03-18/494-besplatni-informacii-od-mia-za-portalite-shto-kje-gi-pochituvaat-standardite-za-etichko-izvestuvanje

76 Интервју со Дејан Андонов, раководител на наставна програма на Високата школа за новинарство и односи со јавноста, спроведено на 20.09.2017.

нерирани од корисниците на веб-порталите. Програмата опфаќа и прашања поврзани со опасноста од ширење говор на омраза, заштитни механизми за новинарите и слобода на изразувањето. Се емитува на локалните радиостаници и на јавниот сервис, како и преку едукативниот веб-портал на Советот за медиуми www.edukacija.vzs.ba и на Facebook-страницата на Советот за медиуми http://www.facebook.com/VijeceZaStampuBiH?ref=ts&fref=ts. 77

Во повеќето западноевропски држави, советите за етика се вклучени во организирање обуки за новинари, негови претставници учествуваат во различни дискусии или публикации на теми за етика во новинарството, како, на пример, во Германија. Во Шведска, Омбудсманот за медиуми е препознатливо лице во јавноста, бидејќи тој и неговиот заменик голем дел од своето време посветуваат на пишување текстови, давање интервјуа, состаноци, предавања и говори. Предавања се организираат за новинари и адвокати, како и во средните училишта и за лидерите на локалните заедници.[78] Членовите на фламанското саморегулаторно тело редовно учествуваат во јавните дискусии за медиумската етика, преку текстови и предавања.[79]

77 Хулин, А., и Стон, М., (Ур.), Водич за саморегулација на онлајн медиумите, ОБСЕ, Виена, 2014. Достапно на: http://www.osce.org/mk/fom/316166?download=true. http://www.osce.org/mk/fom/316166?download=true. Стр. 112-113.
78 Press Councils in Western Europe, стр. 51.
79 Стр. 116.

9 ПРЕПОРАКИ ЗА ЕФЕКТИВНА ПОВРЗАНОСТ НА СЕММ СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ, ИНСТИТУЦИИ И СО ГРАЃАНИТЕ

Како резултат на процесот на консултирање различни извори во изработката на овој преглед, произлегоа важни препораки околу развивањето меѓусекторска поврзаност на СЕММ со други општествени актери.

Во продолжение ги групираме според соодветните области на влијание кои што се обработени во оваа анализа, односно: поврзаноста со медиумите, јавните институции и граѓанските организации. Освен тоа, дадени се препораки и околу натамошното јакнење на свеста на граѓаните за придобивките од медиумската саморегулација.

А) СО МЕДИУМИТЕ

- Редовно ажурирање на регистарот на членство на СЕММ и воспоставување пракса на редовна достава на поважни информации (на пример, квартални билтени) за работата на СЕММ до сите членки
- Потпишување меморандум за соработка со асоцијацијата на национални телевизии, како и со новоформираната асоцијација на регионални и локални медиуми
- Обезбедување поддршка од СЕММ за создавање автентични асоцијации на медиуми, како што е најавеното здружение на печатени медиуми, на интернет портали и на фоторепортери
- Организирање годишни собири на членките на СЕММ на кои ќе се дискутираат предлози за годишната програма на СЕММ, а во согласност со Стратешкиот план и Статутот
- Особено е важно СЕММ да воспостави и активна соработка со јавниот радиодифузен сервис (МРТ), со цел промоција на Советот пред јавноста, но и на теми поврзани со медиумската писменост на граѓаните.

Б) СО ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

- Потпишување меморандуми за соработка со Народниот правобранител, Комисијата за заштита од дискриминација и АВМУ, во кои ќе се опфатат конкретни активности за соработка во заштита на граѓаните од медиумски содржини со кои се повредуваат нивните права
- Одржување координативни средби со надлежните судски инстанци околу судската пракса за клевета и навреда, како и за подетално запознавање со концептот на саморегулација во медиумите
- Воспоставување пракса на доставување барање за кривично постапување од СЕММ до Основното јавно обвинителство во случаи кога Комисијата за жалби проценила дека во медиумските содржини има елементи на говор на омраза
- Одржување координативни средби со Обвинителството на РМ, како и со претставници на Кривичниот суд околу говорот на омраза во медиумите
- Институционализирање на соработката со високообразовните институции, со што претставници на СЕММ ќе имаат можност да ги едуцираат средношколците и студентите на теми поврзани со медиумска саморегулација, етика во новинарство и објективно медиумско известување како и препознавање лажни вести.

В) СО ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

- Унапредување механизми на соработка со организации кои работат на следење на медиумското известување за специфични теми од јавен интерес, како што се права на маргинализирани заедници или начин на известување од изборни кампањи
- Продолжување на соработката на СЕММ во неформални мрежи со други еснафски здруженија и организации, со цел заедничко лобирање за креирање поволен медиумски амбиент за работа на медиумите
- Промовирање на работата на СЕММ преку граѓански организации кои имаат директен контакт со граѓаните
- Во процесот на креирање на идниот стратешки план на СЕММ потребно е директна вклученост на членовите, но и на релевантните граѓански организации кои придонесуваат кон креирање поволни услови за работа на новинарите и медиумите
- Учество на СЕММ на активности за вмрежување со граѓански организации (саеми, форуми или други јавни настани), преку кои ќе се промовира саморегулацијата во медиумите пред граѓаните, на национално, регионално и локално ниво.

Г) ОПШТИ ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРИДОБИВКИТЕ ОД МЕДИУМСКАТА САМОРЕГУЛАЦИЈА

- Креирање план за комуникација на СЕММ како составен дел од идниот Стратешки план што би содржел активности за подигнување на свеста и заштита на правото на граѓаните да добиваат непристрасни и целосни информации, но и нивна вклученост во спроведувањето на дел од активностите на Советот
- Креирање едукативни содржини и реализација на кампањи, особено на јавниот сервис, преку кои би се промовирала саморегулацијата
- Потпишување договор за партнерство со национални телевизии кои бесплатно би ги емитувале содржините за промоција на СЕММ
- Креирање простор на веб-страницата на СЕММ кој би бил посветен на граѓаните (форум) за дискусија на прашања поврзани со известувањето на медиумите; креирање содржини (пр. кратки упатства) за граѓаните за препознавање матрици на непрофесионално известување на медиумите

- Координација околу заеднички јавни настапи на СЕММ во соработка со претставници на АВМУ како институција која има законска обврска да го промовира плурализмот во медиумите и медиумска писменост
- Координација околу заеднички јавни настапи на СЕММ со Народниот правобранител кој има законска обврска да ги штити правата на граѓаните кои се изложени на дискриминација преку медиумите
- Советот да организира редовни тематски обуки за граѓански организации кои се во доменот на човековите права, со цел нивно запознавање со системот на медиумска саморегулација.

БИБЛИОГРАФИЈА

ПУБЛИКАЦИИ И ИЗВЕШТАИ

- Адамчевски, М., и Тахири, С., „Известување во интерес на јавноста“, СЕММ, Скопје, 2017
- АВМУ, „Политичкиот плурализам за време на изборна кампања“, АВМУ, Скопје, 2014. Достапно на http://trinity.mk:53000/wp-content/uploads/2017/05/Politickiot_pluralizam_za_vreme_na_izborna_kampanja.pdf.
- АВМУ, „Програма за медиумска писменост“, АВМУ, Скопје, 20. Достапно на: http://www.avmu.mk/images/Programa_za_mediumska_pismenost-1.pdf.
- Донев, Д., „Преглед на искуства и практики од меѓународните совети за етика во медиумите“, СЕММ, Скопје, 2017. Достапно на: http://semm.mk/pravna-ramka-4/publikacii/270-pregled-na-iskustva-i-praktiki-od-megjunarodnite-soveti-za-etika-vo-mediumite
- Живановски, Н., „Ефикасноста на законската регулатива за заштита од говор на омраза“,МИМ, 2017, Скопје.
- ЗНМ и МИМ, „АКЦИСКИ ПЛАН за подобрување на состојбата со медиумите во РМ“, Мавровo, 2012. Достапно на: http://znm.org.mk/wp-content/uploads/2016/03/%D0%90%D0%BA%D1%86%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0 %BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD-%D0%97%D0%9D%D0%9C%D0%9C%D0%98%D0%9C-%D0%BC%D0%B0%D1%80%D1%822012%D0%B3.pdf.
- ЗНМ, „Стратешки план на Здружението на новинари на Македонија за периодот 2015-2018“, Скопје, 2015. Достапно на: http://znm.org.mk/?page_id=1362.
- ИКС, „Мониторингот на телевизиските вести“, ИКС, Скопје, 2017. Достапно на: http://respublica.edu.mk/attach/MODEM-izvestaj-fevruari-MK.pdf
- МИОА, „Предлог – закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“, достапно на: http://mioa.gov.mk/files/pdf/dokumenti/zakoni/ID_zakonZa_AAVMU.pdf
- МРТ, „Етичките и професионални принципи на МРТ за медиумско покривање изборни процеси“, Скопје, 2016. Достапно на: http://semm.mk/attachments/Eticki-kodeks-na-MTV1.pdf.
- „Предлог за итни демократски реформи” на граѓанските организации, 2016. Достапно
- на: http://respublica.edu.mk/attach/BP1_MKD_FINAL_08.07.2016.pdf
- СЕММ, „Повелбата за етичко известување за изборите“, Скопје, 2016. Достапно на: http://semm.mk/novosti/2015-08-11-15-03-18/204-2016-01--27-13-41-21.

- European Commission, "Assessment and recommendations of the Senior Experts' Group on systemic Rule of Law issues 2017", Brussels, 14 September 2017. Достапно на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/2017.09.14_seg_report_on_systemic_rol_issues_for_publication.pdf.
- European Parliament, "EU Guidelineses on Freedom of expression", 2014
- European Commission, "The former Yugoslav Republic of Macedonia 2016 Report", Brussels, 9.11.2016.
- European Commission, "Assessment and recommendations of the SeniorExperts' Group on systemic Rule of Law issues 2017", Brussels, 14 September 2017.
- Freedom House, Freedom in the World 2017: Macedonia Profile, 2017. Достапно на: https://freedomhouse.org/report/freedom-world/2017/macedonia.
- Hulin, A., "Statutory media self-regulation: beneficial or detrimental for media freedom?", European University Institute, 2014. Достапно на: http://cadmus.eui.eu/bitstream/handle/1814/34047/RSCAS_WP_2014_127.pdf;sequence=1.
- Koene, D., "Press councils in Western Europe", Studies for the Netherlands Press Fund, 2008. Достапно на: https://www.rvdj.nl/uploads/fckconnector/5e5f0690-3d71-4993-8229-0481e128394e.
- Reporters without Borders, "Macedonia, Balkans' bad boy", 2017. Достапно на: https://rsf.org/en/macedonia.

РЕАЛИЗИРАНИ ИНТЕРВЈУА

- Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС, спроведено на 14.09.2017.
- Бесим Небиу, истражувач и експерт во доменот на граѓанското општество, спроведено на 12.09.2017.
- Билјана Петковска, директор на МИМ, спроведено на 03.10.2017.
- Дејан Андонов, раководител на наставна програма на Високата школа за новинарство и односи со јавноста, спроведено на 20.09.2017.
- Дејвид Вејсброт, долгогодишен, сега пензиониран, претседавач на австралискиот Совет за етика во медиумите, спроведено на 23.09.2017 година.
- Драган Секуловски, извршен директор на Здружението на новинарите на Македонија, спроведено на 4.09.2017
- Доминик вон Бург, Совет за етика во медиумите во Швајцарија, спроведено на 02.10.2017
- Зоран Фиданоски, член на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, спроведено на 7.09.2017.

- Маиге Пром, вршител на должноста секретар на Совет за етика во медиумите на Естонија, спроведено на 25.09.2017.
- Марина Тунева, извршен директор на СЕММ, спроведено на12.09.2017.
- Младен Чадиковски, главен и одговорен уредник на ТВ 24 Вести, спроведено на 26.09.2017.
- Сунчица Саздовска, национален советник на проектот за Техничка поддршка за граѓанските организации (ТАКСО), спроведено на 14.09.2017.
- Васка Бајрамовск Мустафа, заменик – народен правобранител, спроведено на 03.10.2017.

Оваа публикација е изработена во рамките на проектот «Мрежа на новинари за медиумските слободи», финансиран од Европската Унија и имплементиран од Здружението на новинарите на Македонија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Здружението на новинарите на Македонија и нејзините автори и во ниту еден случај не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија

Оваа публикација е изработена во рамките на проектот “Мрежа на новинари за медиумските слободи”, финансиран од Европската Унија и имплементиран од Здружението на новинарите на Македонија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Здружението на новинарите на Македонија и нејзините автори и во ниту еден случај не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија

ЗНМ

Проектот е имплементиран од ЗНМ

CIVICA MOBILITAS

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на ЗНМ и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас,Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.